Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

25 Февруари, 2025 година

Архивски број: 67-1354/2

Министерството за транспорт, решавајќи по барањето од Агенција за планирање на просторот со број 09-656/15 од 18.11.2024 година, а заведено во архивата на Министерството под број 67-2027/4 од 20.11.2024 година за одобрување на Планската програма за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за граничен премин „Струмјани – Берово" (ГП КЛЕПАЛО), КО Берово – вон Град, општина Берово, со плански опфат (2,17 ха), плански период (2024-2034), изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех. број R0524 од ноември 2024 година, како постапка во информацискиот систем „е-урбанизам" број 66424, врз основа на член 44 став (8) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Р.С.Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) а во врска со член 87 став 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 124/15), го донесува следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА Планската програма за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за граничен премин „Струмјани – Берово" (ГП КЛЕПАЛО), КО Берово – вон Град, општина Берово, со плански опфат (2,17 ха), плански период (2024-2034), изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех. број R0524 од ноември 2024 година.


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4,
1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Агенција за планирање на просторот, Скопје, согласно Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2023 година донесена на Влада на Р. С. Македонија, број 41-938/7 од 01.02.2023 година објавена во („Сл. Весник на Р.С.Македонија" бр. 37/23), Програмата за дополна на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година донесена на Влада на Р. С. Македонија, број 41-2882/5 од 21.03.2023 година објавена во („Сл. Весник на Р.С.Македонија" бр. 65/23), како и Годишната програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2024 година донесена на Влада на Р. С. Македонија број, 41-805/4 од 16.01.2024 година објавена во („Сл. Весник на Р.С.Македонија" бр. 15/24) изработи и достави барање за одобрување на Планската програма за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за граничен премин „Струмјани – Берово" (ГП КЛЕПАЛО), КО Берово – вон Град, општина Берово, со плански опфат (2,17 ха), плански период (2024-2034), изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех. број R0524 од ноември 2024 година.

Комисијата за урбанизам формирана со Решение број 02-5297/1 од 10.12.2024 година од Министерот за транспорт, по извршениот увид во пропратната документација и изработената Планска програма, констатира дека истата може да се одобри и тоа го потврди со Предлог за одобрување, број 67-1354/1 од 14.02.2025 година.

Во прилог на постапката се приложени:

- Годишна програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2023 година донесена на Влада на Р. С. Македонија број, 41-938/7 од 01.02.2023 година објавена во („Сл. Весник на Р.С.Македонија" бр. 37/23);

- Програма за дополна на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година донесена на Влада на Р. С. Македонија, број 41-2882/5 од 21.03.2023 година објавена во („Сл. Весник на Р.С.Македонија" бр. 65/23);
- Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година година донесена на Влада на Р. С. Македонија број, 41-805/4 од 16.01.2024 година објавена во („Сл. Весник на Р.С.Македонија" бр. 15/24);
- Услови за планирање на просторот за граничен премин „СТРУМЈАНИ - БЕРОВО" (ГП КЛЕПАЛО), КО Берово вон -град, општина Берово со технички број Y27124 од јуни 2024 година;
- Решение за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање, со Арх. Бр. УП1-15-1320/2024 од 22.10.2024 година, обезбедено во релевантна постапка во информацискиот систем „е-урбанизам" број 62729;
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени - Ажурирана геодетска подлога за изработка на Урбанистички план за граничен премин „Струмјани – Берово" (ГП Клепало), од Друштвото за производство, трговија и услуги АЛФА ГЕОДЕТ ДООЕЛ -Скопје, со број 08-499/3-2023 од 25.10.2023година;
- Податоци од општина Берово во врска со донесени плански и проектни документации во границите на планскиот опфат и кои граничат со истиот, број 20-1774/3 од 05.06.2024 година;
- Планската програма за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за граничен премин „Струмјани – Берово" (ГП КЛЕПАЛО), КО Берово – вон Град, општина Берово, со плански опфат (2,17 ха), плански период (2024-2034), изработен од „Агенција за планирање на просторот", со тех. број R0524 од ноември 2024 година.


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4,
1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

Министерството за транспорт по разгледувањето на доставената документација и Предлогот за одобрување на Планската програма со број 67-1354/1 од 14.02.2025 година од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од член 44 и член 25 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Р.С.Македонија", бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ", бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

МИНИСТЕР
АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

Изработил: Ивона Аврамоска - Јанковска, диа

Одобрил: Весна Андриевска, диа
Раководител на Сектор за уредување на просторот


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk